**Уметничка галерија *Скопје*, Скопје**

# СЛИКИ И ОГЛЕДАЛА


Национална поставка под нови сводови

***Создавањето на еден цвет е работа на вековите.***
Вилјем Блејк

*Во преуредената турска бања (Даут-пашин амам), денес Уметничка галерија, која помни толку многу значајни настани и изложби, поставен е репрезентативен избор од околу двестотини творби на шеесетина македонски автори. Земајќи ги предвид нашите несреќни прилики, станува збор за исклучителен потфат*

Оваа пролет Скопје одново мирижа на расцутен багрем. Само еден кус период во годината овој град се претвора во цветна градина. Искористете ја можноста. Камениот мост обраснат во трева, со ´рѓосана и искривена ограда, води кон некогашното градско средиште коешто одамна го изгубило своето значење. Поминете низ Старата чаршија со трошни дуќани и зелена калдрма, и искачете се до остатоците на урнатата тврдина од каде што се отвора широк видик кон вашиот град. Погледнете го уште еднаш градот кој толку добро го познавате! Одовде тој из´ртува, се разгранува и се шири надвор од видното поле до далечните планински гребени што го опкружуваат. Пред вас се разбиените делови на градот кој и се спротивставува на геометријата: богати и сиромашни населби, блескави нови вискокатници и накривени куќарки, широки булевари и тесни улички. Град кој од ужасот на сивилото го спасува само пролетното зеленило. Од ова растојание нема да ги видите излупените ѕидови на куќите, потемнетите фасади на зградите, недовршените новоградби, запустените улици, ископите црна земја и сметот што се заканува да го затрупа градот. Сепак, меѓу противречните впечатоци преовладува чувството дека сето ова шаренило и богатство на разновидни и непостојани форми е минливо. Сето ова е само слика на еден град во непрекинато движење, менување и незапирливо ширење по површината. Она што недостасува е димензијата на длабочина, перспектива која овозможува да се согледа неговата историја, култура и уметност. Погледенете добро! Наспроти привидот, ова е град во кој на прсти можат да се избројат зачуваните градби од минатото, град со неколку стари цркви, џамии, безистени и амами, со само неколку музеи и галерии, град речиси без јавни, монументални споменици, без скулптури по улиците и плоштадите!


Новиот влез на Уметничката галерија


Јордан Грабул, Симон Шемов, Глигор Чемерски

Сепак постојат места како што е старата железничка станица (Музеј на град Скопје) од каде што може да започне вашето патување кон длабочините на времето и каде можете да откриете дека овој град е втемелен врз цврстите темели на културата која што се развива веќе седум илјади години. Во Уметничката галерија можете да ја посетите неодамна отворената национална поставка на уметнички дела. Во преуредената турска бања (Даут-пашин амам) која помни толку многу значајни настани и изложби, поставен е репрезентативен избор од околу двестотини творби на шеесетина македонски автори. Земајќи ги предвид нашите несреќни прилики, станува збор за исклучителен потфат. За првпат, по еден долг период, овозможен е преглед на ликовната уметност кој го опфаќа нејзиниот развиток од иконописот до современите текови денес. Она што ќе го видите кога ќе влезете во овој облагороден и добро опремен галериски простор е блескав дел од ризницата на македонското национално уметничко богатство и овие врвни

творечки остварувања се сега достапни за вас.

Кога ќе излезете, сепак, не застанувајте со пријателите што случајно ќе ги сретнете и не одете во градските кафеани! Можеби ќе ве прашаат за впечатоците додека сѝ уште го имате во очите одблесокот на златото од иконите и сѝ уште не можете да се ослободите од видените слики. Веројатно ќе треба да одговорите на заједливите забелешки. Ќе знаете ли да им објасните дека иконите изложени во Галеријата се неодминлив дел од нашата ликовна традиција и дека опсесивното повторување на мотивот на мајчинството кај **Никола Мартиноски** и *Мајките* што ги сликал, се само притаено сеќавање на иконата на Богородица пред која трепери пламенчето на кандилото осветлувајќи го темниот простор на детските соништа. Ќе се сетите ли дека денес не можат да се видат речиси никаде делата на толку неправедно и брзо заборавениот **Димитар Кондовски**, на оној ист Кондовски пред чии слики Андре Марло во Париз извикува: *Кој е тој волшебник кој знаел еден цел свет, една цела филозофија да збие во една слика. Тоа е толку брилијантен континуитет со Византија*! Ќе ги прашате ли каде можат да ги видат сликите од раниот период на **Петар Мазев** и **Ордан Петлески** или ќе поставите некое погорливо прашање. Ќе им речете ли дека би биле среќни кога оваа држава би можела да вложи 205 милиони долари како што тоа го направи Британија за да ѝ обезбеди соодветен простор во некогашната електрична централа на брегот крај Темза на новата Тејт Галерија која, впрочем, беше отворена речиси во исто време како и нашата национална поставка. Дека би биле уште посреќни кога во Скопје би бил изграден музеј каков што е Гугенхајмовиот во Билбао. Ќе ги потсетите ли дека, сепак, еден мал чекор напред е подобар од стоењето во место. Од она наше активно стоење во место додека се околу нас се распаѓа и се руши. Ќе се заплеткате ли во бесконечна и бесмислена дискусија? Залудно е ако споменете дека ова не е прва значајна селекција на македонската ликовна уметност, дека во овој ист простор, во Уметничката галерија, уште далечната 1951 година, беше изложена првата поставка на дела на национално ниво и дека станува збор за отворен концепт кој со текот на времето ќе се менува, дополнува и проширува. Ќе се осмелите ли да речете дека е подобро некаква национална поставка отколку никаква? Залудно е да се обидувате да ја браните целисходноста на еден ваков потфат со сите негови прифатливи ограничувања. Залудно мавтате со црвениот водич низ поставката. За што тоа вие зборувате? Каков Билбао, каква Тејт Галерија? Ова е Македонија и вие сте во Скопје, и кого, впрочем вие убедувате? Овде нема стари електрични централи, туку турски бањи со застојана вода во која сите тонеме како во тежок сон од кој не можеме да се разбудиме. Каква традиција, каков континуитет, какви вредности? Овде нема ништо! Овде никој не им верува на добронамерните. Овде никој не гледа ништо освен она што сака да го види. Нема традиција затоа што сѝ започнува од нас и нашата ограничена свест за себе, нема континуитет затоа што тоа значи да се прифати одреден систем на вредности во кој можеби нема да има место на врвот за нас, нема вредност затоа што сѝ што вреди е некаде на друго место. Затоа не обидувајте се да убедите никого. Нема да можете да ѝ се спротивставите на таа толку заводлива, толку привлечна потреба за самопоништување.



Димо Тодоровски и основоположниците на македонското современо сликарство



Анета Светиева, Жанета Вангели



Борис Николовски, Петар Мазев

Погледнете го уште еднаш градот кој толку добро го познавате! Погледнете во огледалото пред вас. Она што ќе го видите можеби нема да ви се допадне, но тоа сте сепак вие. Не откажувајте се толку лесно од себе си. Продолжете понатаму! Поставувањето на националната поставка е само еден чекор во добра насока.

*Емил* ***АЛЕКСИЕВ***
***Историчар на уметност***



Македонски средновековни икони